Овие цени важат кога трошоците за пратките се наплаќаат на клиентот во земјата на примање.

**Зона**
Со цел да го одредите бројот на зоната, видете ја страницата со зони.

**Тежина што се наплаќа**
Цените се основаат на вкупната фактичка тежина или вкупната димензионална тежина на сите пакети во пратката, земајќи ја предвид најголемата. Секој грам над килограм од прикажената тежина се пресметува според следната највисока цена.

**Како да ја одредите димензионалната тежина?**

$\frac{Д * Ш * В}{5000}$ = димензионална тежина

Д = должина во cm
Ш = ширина во cm
В = висина во cm




Ние го зачувуваме правото да ги измениме овие правила во согласност со стандардите на индустријата за авионски превоз.

**Дополнителни трошоци**
Овие цени не вклучуваат дополнителни трошоци или опциски услуги. Ве молиме за повеќе детали видете ја страницата за опциски и дополнителни услуги.

**Данок**
Во цените не е вклучен данок. Каде што е предвиден, ДДВ може да се наплати според стандардната стапка.

**Организирање на преземање пратка**
За преземање на Вашата пратка, Ве молиме да се јавите во локалната канцеларија на УПС.

**Забелешка**
[1] Максималната тежина за еден пакет изнесува 70 kg. Доколку треба да испратите пакет потежок од 70 kg, јавете се во Вашата локална канцеларија на УПС или посетете ја www.ups.com за дополнителни информации. Со цел да ја утврдите цената на пратка која содржи повеќе пакети што тежат повеќе од 100 kg, целосната тежина (заокружена на следниот цел килограм) помножете ја со прикажаната соодветна цена по килограм. Износот во сметката ќе биде резултат на пресметката или минималната прикажана цена, кое и да е поголемо.

Пакети

| EUR / Тежина | ЗОНА 201 | ЗОНА 202 | ЗОНА 203 | ЗОНА 204 | ЗОНА 205 | ЗОНА 206 | ЗОНА 207 | ЗОНА 208 | ЗОНА 209 | ЗОНА 210 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 kg | 72.00 | 73.65 | 76.35 | 86.75 | 73.10 | 87.80 | 95.35 | 103.00 | 110.70 | 121.05 |
| 2 kg | 83.95 | 89.40 | 93.20 | 110.65 | 86.75 | 111.75 | 120.50 | 130.25 | 140.60 | 156.45 |
| 3 kg | 96.00 | 101.95 | 107.45 | 129.70 | 98.10 | 131.90 | 142.25 | 156.45 | 167.35 | 187.95 |
| 4 kg | 106.85 | 110.05 | 118.20 | 143.60 | 106.85 | 146.95 | 159.30 | 180.45 | 190.25 | 215.65 |
| 5 kg | 118.20 | 119.25 | 129.50 | 158.30 | 116.05 | 162.55 | 177.75 | 205.40 | 213.50 | 243.80 |
| 6 kg | 125.75 | 128.45 | 140.35 | 171.25 | 124.60 | 176.05 | 193.45 | 222.10 | 235.15 | 267.60 |
| 7 kg | 133.35 | 136.60 | 151.10 | 184.10 | 133.35 | 189.50 | 208.30 | 238.00 | 255.75 | 290.30 |
| 8 kg | 141.45 | 145.70 | 162.50 | 197.55 | 142.45 | 202.95 | 223.95 | 255.30 | 277.35 | 314.05 |
| 9 kg | 148.40 | 153.75 | 173.10 | 210.20 | 151.10 | 215.60 | 239.20 | 270.90 | 297.25 | 335.90 |
| 10 kg | 156.50 | 162.90 | 184.40 | 223.60 | 159.70 | 229.00 | 254.75 | 288.10 | 318.75 | 359.55 |
| 11 kg | 163.65 | 171.25 | 193.45 | 233.50 | 168.00 | 240.00 | 267.60 | 301.20 | 332.65 | 374.85 |
| 12 kg | 170.15 | 177.65 | 201.60 | 242.20 | 174.50 | 248.65 | 278.45 | 312.55 | 344.00 | 387.25 |
| 13 kg | 175.40 | 184.10 | 208.35 | 249.90 | 180.85 | 256.85 | 287.60 | 322.70 | 353.95 | 398.20 |
| 14 kg | 181.30 | 190.50 | 216.40 | 257.90 | 187.35 | 266.00 | 298.40 | 334.05 | 365.30 | 410.60 |
| 15 kg | 187.10 | 196.85 | 223.05 | 265.55 | 193.60 | 273.65 | 308.00 | 344.00 | 375.15 | 421.40 |
| 16 kg | 193.00 | 203.20 | 231.15 | 273.65 | 199.45 | 282.80 | 318.70 | 355.30 | 385.95 | 433.80 |
| 17 kg | 198.70 | 208.85 | 238.30 | 281.15 | 205.10 | 290.75 | 328.25 | 365.15 | 395.65 | 444.40 |
| 18 kg | 204.60 | 215.80 | 245.80 | 289.15 | 211.00 | 299.90 | 338.95 | 376.40 | 406.95 | 456.70 |
| 19 kg | 210.25 | 221.35 | 252.85 | 296.60 | 216.55 | 307.30 | 348.30 | 386.20 | 416.50 | 467.25 |
| 20 kg | 216.05 | 228.30 | 260.30 | 304.55 | 222.45 | 316.30 | 358.45 | 397.35 | 427.80 | 479.50 |
| 21 kg | 221.10 | 233.80 | 267.30 | 311.85 | 228.00 | 324.15 | 367.70 | 406.45 | 437.30 | 489.90 |
| 22 kg | 227.40 | 240.75 | 274.75 | 319.90 | 233.80 | 332.65 | 378.35 | 417.65 | 448.45 | 502.10 |
| 23 kg | 232.45 | 246.20 | 281.65 | 327.15 | 239.30 | 340.40 | 387.50 | 427.20 | 457.85 | 512.35 |
| 24 kg | 238.80 | 253.00 | 289.05 | 335.10 | 245.15 | 349.40 | 398.05 | 438.20 | 469.00 | 524.55 |
| 25 kg | 243.60 | 258.40 | 295.85 | 342.25 | 250.50 | 357.00 | 407.10 | 447.65 | 478.25 | 534.65 |
| 26 kg | 250.00 | 265.25 | 303.80 | 350.70 | 256.30 | 365.45 | 417.65 | 458.70 | 488.80 | 546.75 |
| 27 kg | 254.85 | 270.55 | 309.95 | 357.20 | 261.65 | 373.05 | 426.05 | 468.05 | 498.00 | 556.85 |
| 28 kg | 261.15 | 277.40 | 317.85 | 365.60 | 267.40 | 381.90 | 436.50 | 479.05 | 509.05 | 568.85 |
| 29 kg | 265.85 | 282.60 | 324.00 | 372.10 | 272.70 | 388.80 | 445.35 | 488.20 | 518.10 | 578.80 |
| 30 kg | 271.65 | 289.40 | 331.80 | 380.50 | 278.50 | 397.75 | 455.80 | 499.25 | 529.10 | 590.80 |
| 31 kg | 276.85 | 294.60 | 337.90 | 386.85 | 283.70 | 404.60 | 464.60 | 507.80 | 538.05 | 600.60 |
| 32 kg | 282.60 | 301.40 | 345.75 | 395.25 | 289.40 | 412.90 | 474.95 | 518.75 | 549.00 | 612.55 |
| 33 kg | 287.80 | 306.45 | 352.15 | 401.50 | 294.55 | 419.20 | 483.55 | 527.70 | 557.85 | 622.20 |
| 34 kg | 293.45 | 313.20 | 359.45 | 409.85 | 300.25 | 427.50 | 493.40 | 538.60 | 568.70 | 634.15 |
| 35 kg | 298.60 | 318.30 | 365.90 | 416.05 | 305.35 | 434.20 | 501.95 | 547.50 | 577.50 | 643.75 |
| 40 kg | 328.10 | 353.95 | 400.00 | 459.00 | 341.05 | 474.05 | 554.20 | 601.85 | 631.25 | 703.25 |
| 45 kg | 356.30 | 387.75 | 433.05 | 500.10 | 375.35 | 511.95 | 603.70 | 653.15 | 683.10 | 759.85 |
| 50 kg | 385.70 | 423.30 | 467.10 | 542.85 | 410.95 | 552.15 | 655.20 | 707.35 | 736.70 | 819.20 |
| 55 kg | 413.55 | 457.20 | 499.85 | 583.50 | 444.85 | 589.70 | 704.70 | 758.10 | 787.90 | 875.20 |
| 60 kg | 443.30 | 492.10 | 533.70 | 626.15 | 480.25 | 629.15 | 756.05 | 812.00 | 841.35 | 934.25 |
| 65 kg | 470.85 | 525.60 | 566.00 | 666.25 | 513.80 | 666.80 | 804.45 | 862.30 | 891.90 | 989.65 |
| 70 kg[1] | 500.00 | 560.90 | 600.35 | 708.80 | 549.15 | 706.15 | 855.65 | 915.95 | 945.20 | 1,048.55 |
| 75 kg[1] | 534.05 | 599.05 | 641.00 | 756.80 | 586.35 | 753.95 | 913.60 | 977.65 | 1,008.75 | 1,119.90 |
| 80 kg[1] | 569.85 | 639.10 | 683.80 | 807.20 | 625.40 | 804.40 | 974.35 | 1,043.15 | 1,076.10 | 1,194.30 |
| 85 kg[1] | 603.40 | 676.60 | 723.55 | 854.45 | 662.05 | 851.15 | 1,031.85 | 1,104.05 | 1,139.25 | 1,264.50 |
| 90 kg[1] | 638.60 | 716.50 | 766.25 | 904.65 | 701.00 | 901.40 | 1,092.35 | 1,169.25 | 1,206.35 | 1,338.65 |
| 95 kg[1] | 671.50 | 753.30 | 805.60 | 950.90 | 736.95 | 947.70 | 1,148.15 | 1,229.00 | 1,268.20 | 1,407.45 |
| 100 kg[1] | 706.55 | 792.55 | 847.65 | 1,000.95 | 775.70 | 997.20 | 1,208.45 | 1,293.45 | 1,334.55 | 1,481.30 |

Потешки од 100 kg[1]

| | 201 | 202 | 203 | 204 | 205 | 206 | 207 | 208 | 209 | 210 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цена по kg | 7.06 | 7.92 | 8.47 | 10.00 | 7.75 | 9.97 | 12.08 | 12.93 | 13.34 | 14.81 |
| Минимална цена | 706.55 | 792.55 | 847.65 | 1,000.95 | 775.70 | 997.20 | 1,208.45 | 1,293.45 | 1,334.55 | 1,481.30 |

# Кои опциски услуги Ви ги овозможува УПС?

| Услуга | Опис | Надоместок |
|---|---|---|
| Потврда за достава (ПД) | Идеално за клиенти без пристап до интернет. По барење, УПС ќе достави потврда за достава на Вашата пратка преку факс или пошта. | На барателот му се наплаќа 4,50 евра за секое писмо или факс. |
| Декларирана вредност на превоз | УПС автоматски ја заштитува секоја пратка од загуба или штета, до одредена вредност. Со Декларирана вредност на превозот можете да ја зголемите границата на одговорност на УПС при докажани загуби, со декларирање повисока вредност за превозот на документацијата за достава на УПС. Во никој случај вредноста на добрата нема да надмине 50 000 американски долари или локалниот валутен еквивалент по пакет. За повеќе информации обрнете внимание на Условите за превоз на УПС. | 1% од вредноста на декларираните добра за превоз или минимум 4,50 евра. |
| Достава во сабота | За итните пратки УПС нуди достава во сабота. Оваа услуга доаѓа со сите карактеристики што ги очекувате од УПС, вклучувајќи целосно следење на пратката и потврда за достава. За достапноста на услугата контактирајте ја Вашата локална канцеларија на УПС. | Се додаваат 49,00 евра кон трошоците за доставата |
| Наплата на давачки | Клиентите се одговорни за плаќање на давачките и даноците. УПС може да изврши плаќање на давачките, даноците и другите надоместоци во име на клиентот. Ќе се наплати надоместок врз основа на платениот износ. | 2% од платениот износ или 12,50 евра по пратка, кое е поголемо. |
| **Повратни пратки Plus на УПС** | | |
| 1 обид за повратни пратки Plus на УПС | Ви дозволува да побарате преземање за брзо враќање на пакетот. Возач на УПС ќе направи еден обид да го преземе повратниот пакет. Доколку не успее да го преземе пакетот, нашиот возач ќе остави етиката кај Вашиот клиент.<br><br>Клиентот тогаш ќе ја залепи етикетата на пакетот и ќе го донесе во канцеларија на УПС или ќе го контактира УПС со цел преземање. За достапноста на услугата видете ги забелешките долу. | Се додаваат 4,50 евра на релевантните трошоци за достава. |
| 3 обида за повратни пратки Plus на УПС | Ви дозволува да побарате преземање за брзо враќање на пакетот. Возач на УПС ќе се обиде да го преземе Вашиот пакет во период од три последователни работни денови. Доколку по третиот обид возачот е сè уште неуспешен при преземање на пратката, етикетата ќе се врати во УПС и Вие ќе морате повторно да поднесете барање за услугата. За достапноста на услугата видете ги забелешките долу. | Се додаваат 6 евра на релевантните трошоци за достава. |
| **Повратни пратки на УПС1** | | |
| УПС печати и означува повратни етикети | УПС печати и означува повратни етикети за Вашиот клиент. Оваа услуга е соодветна за разни околности, како отповикување на производ. Штом се побара ваков вид услуга, Вашиот клиент може да организира преземање на пратката со УПС. За достапноста на услугата видете ги забелешките долу. | Се додаваат 3,25 евра на релевантните трошоци за достава. |
| УПС печати повратна етикета | Ви овозможува да изработите етикета и да ја вклучите во пратката во повеќе од 100 земји во светот. Етикетите можете да ги доставите посебно по доставата на Вашата пратка. За достапноста на услугата јавете се во Вашата локална канцеларија на УПС или посетете ја www.ups.com. | Без дополнителни трошоци, освен релевантните трошоци за достава. |
| Електронска повратна етиката на УПС | Ви овозможува повратната етикета на Вашите клиенти да им ја испратите преку е-пошта во повеќе од 100 земји. Вашиот клиент тогаш ќе може да ја испечати повратната етикета и потврда пред да организира преземање на пратката со УПС. За достапноста на услугата јавете се во Вашата локална канцеларија на УПС или посетете ја www.ups.com. | Се додаваат 1,10 евра на релевантните трошоци за достава. |
| **Контрола на увоз на УПС2** | | |
| Печатена етикета | Создава етикети за преземање и комерцијални фактури за Вашите извозници, ефективно овозможувајќи Ви да ја наведете услугата на УПС и карактеристики на достава, со што ќе имате контрола врз трошоците и времето. | Без дополнителни трошоци, освен релевантните трошоци за достава. |
| Електронска етикета | Создава дигитални етикети за преземање и комерцијални фактури, кои можат да се испратат преку е-пошта до Вашите извозници. | Се додаваат 1,10 евра по пакет кон релевантните трошоци за достава. |
| Печати и означува етикети | УПС ќе создаде и означи етикети за преземање и комерцијални фактури за Вашите извозници. | Се додаваат 3,25 евра по пакет кон релевантните трошоци за достава. |
| 1 обид за повратни пратки Plus на УПС | Испратете етикети за преземање и комерцијални фактури до УПС, кој потоа ќе направи еден обид да го преземе пакетот. Доколку обидот за преземање на пакетот е неуспешен, нашиот возач ќе ги остави документите за Вашиот извозник. | Се додаваат 4,50 евра по пакет кон релевантните трошоци за достава. |
| 3 обида за повратни пратки Plus на УПС | Испратете етикети за преземање и комерцијални фактури до УПС, кој потоа ќе направи три обиди да го преземе пакетот. Доколку е неуспешен третиот обид на нашиот возач, документите ќе бидат вратени во УПС и Вие ќе морате повторно да поднесете барање за услугата. | Се додаваат 6 евра по пакет кон релевантните трошоци за достава. |

## ЗАБЕЛЕШКИ

Сите трошоци за нашите дополнителни и опциски услуги се прикажани без данок. Каде што е предвиден, ДДВ може да се наплати според стандардната стапка.

[1]За домашни повратни пратки, целиот процес на превоз се извршува само со повратната етикета. Нема контакт со странката која ја праќа повратната пратка.

За пратките во или од земјите надвор од ЕУ потребно е повратна етикета и комерцијална фактура со цел пратката да биде царинета без проблеми. Прописите и потребните документи за одредени добра се разликуваат од земја во земја. Од клучно значење е да се земат предвид законските регулативи за соодветните видови пратки за земјата на потекло и земјата на примање. Во зависност од добрата и нивната употреба, може да бидат потребни посебни лиценци и заверени документи заедно со целосната документација.

Доколку меѓународната пратка се враќа во земја различна од таа на барателот, потребен е контакт на клиентот.

Сите повратни пратки на УПС се предмет на Условите за превоз на УПС.

[2]Контролата на увоз на УПС е достапна како опција во системот за следење пратки за УПС. За повеќе информации контактирајте го Вашиот претставник на УПС.

# Кои дополнителни трошоци можат да се применат за Вашата пратка?

| Услуга | Опис | Надоместок |
|---|---|---|
| Доплата за енергенс | Во случај на промена на цените на енергенсите, УПС, во своите директни оперативни трошоци, може да додаде или измени доплата на цените за износ кој се смета дека разумно го рефлектира соодветното покачување.<br><br>УПС користи доплата базирана на индекс, врз основа на Ротердамските цени за авионски енергенси, објавена од Министерството за енергетика на САД за месецот кој е два месеца пред корекцијата. | Оваа доплата се применува за трошоци за достава и следните дополнителни услуги:<br>• достава во сабота<br>• Доплата за големи пакети<br><br>Оваа доплата се коригира на месечна основа. Измените на доплатата стапуваат во сила во првиот понеделник од секој месец. Најновите детали во однос на доплатата за енергенс се достапни на www.ups.com. |
| Проширена или далечна област за преземање или достава на услуга | УПС ќе примени доплата за сите преземања или испораки во области кои се сметаат за додаток на вообичаената област опфатена со услугата на УПС. Во зависност од достапноста, тие локации се класифицирани како проширена област или далечна област.<br><br>За информации дали оваа доплата се применува за одредена локација, посетете ја www.ups.com или јавете се во Вашата локална канцеларија на УПС. | За услуга во проширена област, на трошоците за достава се додава следното: 0,37 евра по килограм или минимум 18,65 евра по меѓународна пратка, кое е поголемо.<br><br>За услуга во далечна област на трошоците за достава се додава износ од 0,47 евра по килограм или минимум 23,40 евра по пратка, кое е поголемо. |
| Корекција на адреса | Доколку е направена грешка во адресата, а точната адреса е во рамките на истата земја на дестинација, УПС ќе направи разумни напори да ја најде точната адреса и да ја достави пратката. | На испраќачот ќе му се наплатат дополнителни 5,50 евра кон трошоците за достава. |
| Специјално справување со неиспорачливи пратки | За домашни пратки, кога УПС презел мерки за обид да се достави пратката, но без успех, УПС автоматски ќе ја врати пратката со нашата услуга Express Saver (доколку може да се примени). Плаќачот на привични трошоци ќе плати и за трошоците за враќање. Ќе се применат трошоците за превоз и енергенс за враќањето на пратката.<br><br>За меѓународни пратки, кога УПС презел мерки за обид да се достави пратката, но без успех, УПС го контактира испраќачот и ќе ја препрати пратката според инструкциите. Трошоците за достава и соодветна доплата ќе му се наплатат на испраќачот за процесирање на секоја неиспорачлива пратка. | Применливи трошоци за достава.<br><br>Ќе се наплатат дополнителни 4,50 евра по неиспорачлива пратка на трошоците за достава. |
| Кога примачот/трето лице одбива да плати | Оваа доплата се применува кога испраќачот избира примачот или трето лице да ги плати трошоците за достава, а тие лица одбиваат да платат. | На испраќачот ќе му се наплатат дополнителни 8,50 евра по пратка, на трошоците за достава, како и други износи кои настануваат кога има неплаќање. |
| Конверзија на валута | Наплатите од сметката на плаќачот во странска валута ќе се конвертираат во валутата на плаќачот, користејќи неделен девизен курс обезбеден преку големите централни банки. | Дополнително ќе се примени девизен надоместок еднаков на 0,75% од конвертираниот износ. |
| Данок и препратени давачки | За пратки кога плаќачот на давачки и даноци не е лоциран во земјата на дестинација. | На страната која ги плаќа трошоците за достава ќе и се наплатат 12,50 евра. |
| Дополнителни трошоци за средување | Дополнително справување и трошоци за дополнително справување се применуваат за следното:<br>• Секој производ што се чува во надворешен контејнер, изработен од метал или дрво<br>• Секој цилиндричен предмет, како буре, цилиндер, кофа или гума, што не се чува во коругиран картонски контејнер<br>• Секој пакет чија најдолга страна надминува 150 cm или втората најдолга страна надминува 76 cm<br>• Секој пакет чија фактичка тежина е поголема од 32 kg<br>• Секој пакет во пратката каде просечната тежина по пакет е поголема од 32 kg и тежината на секој пакет не е наведена во изворниот документ или користениот автоматски систем за следење пратки на УПС.<br><br>Исто така, УПС го задржува правото да пресмета трошок за дополнително средување за секој пакет, кој по дискреција на УПС бара посебен третман. Трошоци за дополнително средување нема да се пресметуваат кога се применува доплата за голем пакет. | На трошоците за достава се додаваат 1,50 евра по пакет. |
| Доплата за голем пакет | Еден пакет се смета за „голем пакет" кога неговата должина плус обемот [обем = 2 x ширината] + (2 x висината) надминува 330 cm, но не ја надминува максималната големина на УПС од 419 cm. Големите пакети подложат на минимална тежина за наплата од 40 kg. Дополнително ќе се примени доплатата за големи пакети. | На трошоците за достава се додаваат 35,00 евра по пакет. |
| Надминување на максималниот лимит | Пакетите со фактичка тежина поголема од 70 kg или кои надминуваат 270 cm во должина или ја надминуваат вкупната должина од 419 cm добиена со збир од должината и обемот [обем = 2 x ширината] + (2 x висината) не се прифаќаат за превоз. Доколку се најдат во системот за малку пакети на УПС, тие се предмет на дополнителна наплата. Пакетите чиј збир од должина и обем надминува 419 cm, исто така, подлежат на доплатата за големи пакети. | На трошоците за достава се додаваат 35,00 евра по пакет. |

## ЗАБЕЛЕШКА

Сите трошоци за нашите дополнителни и опциски услуги се прикажани без данок. Каде што е предвиден, ДДВ може да се наплати според стандардната стапка.

# УПС Одредби и Услови за превоз

Ова е тековната верзија, која стапува во сила на датумот на објавување на овој Водич. Најновата верзија, која секогаш ќе се применува за нови пратки, може да се најде на www.ups.com или да се добие во канцеларијата на УПС.

1. Вовед
А.Овие одредби и услови ја поставуваат основата врз која УПС ќе врши превоз на пакети, документи и писма („пакети“) и добра поставени на палети („палети“; палети и пакети заедно претставуваат „пратки“). Овие услови се дополнети од тековниот, применлив Водич за услуги и тарифи на УПС („Водич“).Водичот содржи важни детали за услугите на УПС, кои испраќачот треба да ги прочита и кои се дел од договорот меѓу УПС и испраќачот.
Б.Терминот „УПС“ има значење и договорот со испраќачот ќе биде со авторизираниот давател на услуги УПС или субјектот УПС, доколку постои во земјата каде пратката се дава за превоз или, кој може да стапи во контакт со земјата на потекло, 5 Avenue Ariane, 1200 Брисел, Белгија (иако ова нема да се земе предвид како избрано седиште или надлежност на некој суд). Тоа друштво, исто така, ќе биде (првиот) Експедитор за намените на Конвенциите наведени во став В.
В.Доколку авионскиот превоз вклучува крајна дестинација или станица во земјата на потекло, ќе се примени Варшавската конвенција. Варшавската конвенција ја раководи и во повеќето случаи ја ограничува одговорноста на експедиторите во однос на загубата, оштетувањето или доцнењето на карготo. (За намената на овие услови фразата „Варшавска конвенција“ значи (i) Конвенцијата за унификација на одредените правила поврзани со меѓународниот авионски превоз потпишана во Варшава на 12 октомври 1929 година или (ii) дека Конвенцијата е изменета или дополнета со некој протокол или дополнителна конвенција или (iii) Конвенцијата од Монтреал од 1999 година, во зависност која може да се примени). Без оглед на некоја клаузула за спротивното, меѓународниот патен превоз може да биде предмет на одредби од Конвенција за договор за меѓународен патен превоз на стока, потпишана во Женева на 19 мај 1956 година („CMR Конвенцијата“).
Г.Една пратка може да се превезе преку непосредни станици кои УПС ги смета за соодветни. УПС може да вклучи подизведувачи за извршување на услуги и договори во свое име и во име на своите службеници, агенти и подизведувачи и секој од нив ќе ги ужива придобивките од овие услови.
Д.Во овие услови, „Товарен лист“ значи единствени товарен лист на УПС или записите заведени со истиот датум, адреса и ниво на услуга на документот за преземање на стоката. Сите пакети или палети опфатени со товарниот лист ќе се сметаат за една пратка.

2. Опсег на услугите
Освен ако не се договорени посебни услуги, услугата обезбедена од УПС е ограничена на преземање, превоз, царинење, каде може да се примени, и достава на пратката. Испраќачот прифаќа дека пратката ќе биде консолидирана со тие на другите испраќачи во однос на превозот и дека УПС не го следи пристигањето и заминувањето на поединечни пратки во сите центри за средување.
УПС не е јавен превозник и го задржува правото да одбие превоз на некоја пратка доделена за превоз.

3. Услови за превоз
Овој дел ги поставува разните ограничувања и услови кои се применуваат за превоз на пратки од страна на УПС. Исто така, објаснува кои последици ги сноси испраќачот што дава пратки за превоз кои не ги исполнуваат овие услови.

3.1 Ограничувања и услови за услуги
Пратките мора да се во согласност со ограничувањата од ставовите од (i) до (iv) наведени долу.
(i) Пакетите не смеат да тежат повеќе од 31,5 килограми (или 70 фунти) или 70 килограми (или 150 фунти), (во зависност од земјата каде пратката е предадена на УПС за превоз и земјата на дестинација, како што е наведено во Водичот) или да надминуваат 270 сантиметри (или 108 инчи) во должина или вкупниот збир од должина и обем да биде поголем од 419 сантиметри (или 165 инчи). Палетите се предмет на ограничување на максимална големина и тежина, кои можат да се разликуваат според потеклото и дестинацијата и тие се поставени на www.ups.com.

(ii) Вредноста на секој пакет не може да надмине 50.000 американски долари конвертирани во локалната валута. Дополнително, вредноста на накитот или часовниците, освен накитот или часовниците што се бижутерија, во еден пакет не смее да надмине 500 американски долари конвертирани во локалната валута.Вредноста на секоја палета не може да надмине 100.000 американски долари конвертирани во локалната валута.

(iii) Пратките не смеат да содржат какви било забранети артикли наведени во Водичот, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на артикли од невообичаена вредност (како уметнички дела, антиквитети, скапоцени камења, поштенски марки, уникатни предмети, злато или сребро), пари или хартии од вредност (како чекови, меници, обврзници, штедни книшки, припеид кредитни картички, акции и други хартии од вредност), оружје и опасни добра.

(iv) Пратките не смеат да содржат добра кои можат да го доведат во опасност животот на човекот или животните или кое било средство за превоз или кои можат да расипат или оштетат други добра што УПС ги превезува или чиј превоз, извоз или увоз е забранет со важечкиот закон.

(v) Палетите мора да бидат поставени на палета и добро прицврстени, да можат да се подигнат со вилушкар и обвиени со стреч фолија прицврстени на палетата.
Испраќачот е одговорен за точноста и комплетираноста на деталите внесени во Товарниот лист, како и за потврдување дека сите пратки содржат соодветни детали за контакт на испраќачот и примателот на пратката и дека се спакувани, означени и етикетирани на тој начин што нивната содржина е опишана и класифицирана и се придружени со документација која во секој случај е неопходна за превоз, како и да се во согласност со условите од Водичот и важечкиот закон. Освен ако на Товарниот лист или друга применлива документација за достава на УПС не е избрано друго ниво на услуга, пратките ќе се превезуваат според Експрес (или Експрес превоз) услугата (доколку е достапна во избраната дестинација) и соодветно ќе се пресметаат сите применливи трошоци.
Испраќачот гарантира дека сите пратки предадени за превоз според овие услови се во согласност со ограничувањата од ставовите од (i) до (v) наведени погоре и дека се подготвени во безбедни простории од негова страна (кога се работи за индивидуален испраќач) или од страна на доверлив персонал вработен од него или (доколку е различно) од лице кое пратката му ја предала на УПС за достава и дека се заштитени од неовластено влијание за време на нивната подготовка, складирање и превоз до УПС. УПС смета на оваа гаранција при прифаќање на која било пратка за превоз опфатена со овој документ. Сите други пратки не се прифаќаат за превоз.

3.2 Лесно расипливи добра и добра чувствителни на температура ќе се превезуваат доколку испраќачот прифати дека тоа е на негов ризик. УПС не обезбедува посебен третман за такви пратки.

3.3 Одбивање или суспензија на превоз
(i) Доколку УПС воочи дека некоја пратка не ги исполнува гореспоменатите ограничувања или услови или дека COD износот по доставување наведен во COD Товарниот лист ги надминува ограничувањата наведни во став 8, УПС може да одбие да изврши превоз на релевантната пратка (или некој релевантен дел), а доколку превозот е во тек, УПС може да го суспендира истиот и да ја задржи пратката (или релевантниот дел) по налог на испраќачот.

(ii) УПС, исто така, може да го суспендира превозот доколку доставата не може да се изврши, доколку примателот одбие да ја прифати доставата, доколку доставата не може да се изврши поради неточна адреса (по искористување на сите расположливи средства да се најде точната адреса) или ако точната адреса е најдена во друга земја од таа наведена на пратката или Товарниот лист или доколку на примателот на доставата не може да му наплати.

(iii) Со тоа што УПС има право да го суспендира превозот на пратката (или некој релевантен дел), има право и истата да ја врати до испраќачот.

3.4 Испраќачот ќе биде одговорен за разумните трошоци на УПС (вклучувајќи складирање), за загуби, даноци и царински давачки што УПС може да ги претрпи и за сите побарувања направени против УПС, настанати како резултат на тоа дека пратката не ги исполнила ограничувањата, условите и барањата наведени во став 3.1 погоре или поради одбивање или суспензија на превоз или враќање на пратка (или некој релевантен дел) од страна на УПС, што е дозволено со овој став 3. Во случај пакетот или пратката да се врати, испраќачот, исто така, е одговорен за плаќање на сите применливи трошоци пресметани во согласност со важечките комерцијални цени на УПС.

3.5 Доколку испраќачот на УПС му предаде пратка која не е во согласност со ограничувањата или условите од став 3.1 погоре, без дадена писмена согласност од страна на УПС, УПС нема да ја надомести загубата која може да произлезе на сметка на испраќачот во врска со превозот извршен на таа пратка од страна на УПС (независно дали неуспехот за усогласување бил предизвикан или придонел за загубата или какво била невнимателност, освен своеволна злоупотреба направена од страна на УПС или секаква невнимателност, вклучувајќи своеволна злоупотреба направена од страна на неговите вработени, изведувачи или претставници), и доколку УПС го суспендира превозот поради причина наведена во овие услови, испраќачот нема право на поврат на трошоците за превоз што ги платил.УПС може да направи побарување во однос на таквата неусогласеност.

3.6 Доколку при суспендирање на превоз на пратка (или некој релевантен дел) во согласност со овие одредби УПС не е во можност да добие инструкции од испраќачот во разумно време или да идентификува дали испраќачот или некоја друга личност има право на добрата (доколку било неопходно да се отвори пратката), УПС има право да ја уништи или продаде пратката (или некој релевантен дел). Таквата продажба, прво, ќе подлежи на сите доспеани наплати и трошоци (вклучувајќи камата), во однос на пратката или од засегнатиот испраќач. Секој биланс ќе се чува по налог на испраќачот.

3.7 УПС го задржува правото, но не е обврзан, во секое време да ја отвори и провери или направи рендген скенирање на секоја пратка доделена за превоз.

4. Царинење
Доколку некоја пратка треба да се царини, одговорност на испраќачот е да обезбеди целосна и точна документација за таа намена, освен ако УПС нема инструкции дека агент на испраќачот ќе го изврши царинењето. Во поглед на тоа, во случај на пратки чии точки на испраќање и дестинации се во рамките на иста царинска област, УПС ќе изврши царинење само доколку добие инструкции да го направи тоа. Испраќачот, исто така, се согласува дека УПС може да се смета за примател на пратката само со цел да се назначи царински посредник кој ќе го изврши царинењето.

5. Наплата
5.1 Цените за превоз и други услуги се поставени во Водичот и освен ако не се платат пред доставата, сите трошоци мора да се платат во рок од 7 дена од приемот на фактурата или во рамките на таков друг период за кој испраќачот и УПС се согласиле на писмено. УПС може да ја потврди фактичката и/или димензионалната тежина на пратките и, доколку е поголема од декларираната тежина, да издаде фактура на таа основа.Освен ако не е поинаку докажано, ќе се смета дека фактурата за оваа намена е примена три работни дена по датумот назначен на фактурата.

5.2 Доколку
а) УПС треба да ги плати сите даноци, царински давачки или други давачки во име на испраќачот, примателот или трето лице,
б) избраната опција за наплата посочува дека примателот или трето лице треба да ги плати сите давачки или
в) сите даноци, царински давачки, казни, давачки или трошоци се наметнати или направени како резултат на некое дејство направено од страна на царинските власти или неуспех на испраќачот или примателот да обезбедат соодветна документација дозволи или лиценци потребни за превоз, тогаш (без штета на договорната одговорност на испраќачот за исплата) УПС, првично, ќе му наплати на примателот или, доколку е применливо, на трето лице. Доколку засегнатиот износ веднаш и целосно не му се плати на УПС од страна на такво лице, тој износ ќе му се наплати на испраќачот по пат на писмено барање. УПС не е обврзан одделно да издаде побарување против примателот или некое трето лице за наплата, доколку испраќачот има заедничка одговорност со тие лица. Во случај на сомнеж, товарот за докажување дека износот е платен лежи кај испраќачот.

5.3 Секој доспеан износ, што треба да му се плати на УПС, ќе подлежи на каматна стапка од 2% над меѓубанкарската кредитна стапка која важи на денот на доспевање во земјата каде пакетот е предаден на УПС за превоз, од датумот на доспевање до датумот кога УПС ќе ја прими исплатата, независно дали тоа е пред или по одлуката. Дополнително, УПС го задржува правото да наплати административен надоместок за задоцнето плаќање до максимум 15 евра конвертирани во локалната валута по фактура.

5.4 Доколку испраќачот, примателот или некое трето лице не плати одреден износ опфатен со овие услови, УПС може да ја задржи пратката што ја превезува (или дел од неа), додека не добие целосна исплата или истата да ја продаде и средствата да ги искористи за отплата на долгот во согласност со важечкиот локален закон. Секој неплатен износ ќе остане за плаќање.

5.5 Цените на УПС за превоз поставени во Водичот се пресметани само за превоз на пратки кои не ја надминуваат вредноста на износите поставени во став 3.1(ii) (или друга применлива вредност, доколку е пониска). Во случај УПС да воочи дека превезувал пратка која, без писмена согласност од УПС, ја надминува таа вредност, тогаш кон применливите цени и трошоци и други правни лекови опфатени со овие услови, ќе се наплати дополнителен трошок за превоз еднаков на 5% од вредноста на пратка од релевантниот износ наведен во став 3.1(ii).

6. Прекин на услуга
Доколку УПС не е во можност да почне или продолжи со пренос на пратката на испраќачот поради причина надвор од негова контрола, УПС со тоа не го прекршува договорот со испраќачот, но УПС ќе ги преземе сите чекори што разумно можат да се применат во дадените околности, со цел да започне или продолжи со превозот. Пример за настани надвор од контролата на УПС се прекини во воздушниот или патниот превоз поради лошо време, оган, поплава, војна, немири, граѓански бунтови, владини мерки и мерки од други власти (вклучувајќи, но не ограничувајќи се на царина) и спорови со работници или обврски кои влијаат врз УПС или некое други лице.

7. Гаранција за поврат на пари
За одредени услуги и дестинации УПС нуди гаранција за поврат на трошоците за достава. Детали за применливоста, условите и за засегнатата достава, како и рок на преземање за релевантната услуга и дестинација се поставени во Водичот и на интернет-страницата на УПС (www.ups.com), кои се ажурирани во времето на прием на добрата за превоз и можат да бидат потврдени со контакт со локалниот центар за информации на УПС на територија на испраќачот. Со цел да се избегне каков било сомнеж, одговорноста на УПС за гаранцијата на поврат на пари е ограничена на горенаведеното и гаранцијата не сочинува каков било потфат или претпоставка дека пратката ќе стигне до некое одредено време.

8. Исплаќање на вредноста на добрата по доставување (COD)
За одредени дестинации и услуги како што е советувано од страна на локалниот центар за информации на УПС, УПС нуди COD услуга за плаќање на дополнителен трошок, како што е поставено во Водичот.
Доколку испраќачот ја искористи оваа услуга, како предмет на одредбите поставени долу (вклучувајќи ги тие за конвертирање на валута), УПС ќе го наплати COD износот наведен на Товарниот лист во име на испраќачот. Оваа услуга не е достапна за палети.
COD износот мора да биде назначен на Товарниот лист во евра или во валутата на земјата на дестинација. Доколку COD износите наведени во Товарниот лист, а наплатени на примателот и/или платени на испраќачот се во различни валути, конвертирањето ќе се направи според девизниот курс кој УПС разумно ќе го утврди.
УПС не прифаќа одговорност за ризиците од конвертирањето валути.

8.1 Плаќање на COD во готовина – Доколку, во согласност со важечките насоки на УПС, УПС добие инструкции наведни на Товарниот лист да прифати само готовина, УПС ќе наплати само во готовина во валутата на земјата на дестинација. Доколку се наплати во готовина, максималниот износ што може да се наплати во таа форма во име на испраќач е 5.000 евра по примател на ден конвертирани во локалната валута. Покрај горенаведеното, износот наплатен во готовина во име на испраќачот за COD пратки (а) на приматели сместени во Франција не смее да надмине 750 евра по примател на ден и (б) на приматели сместени во Италија, мора да биде помал од 1.000 евра по примател на ден.
Доколку испраќачот наведе COD износ што ги надминува овие ограничувања, УПС автоматски има право да прифати чекови за целосниот износ и дел од тој износ.

8.2 Плаќање на COD со чекови – Доколку во Товарниот лист (и во согласност со применливите насоки на УПС) нема јасни инструкции за УПС да прифати само готовина, УПС може да изврши наплата во готовина (која е подложи на ограничувањата во став 8.1) или со чек издаден за испраќачот што се признава во земјата на дестинација на пратката.Доколку УПС прифати чекови максималниот износ што може да се наплати во таа форма не смее да го надмине еквивалентот на 50.000 американски долари по пакет (или друга пониска применлива вредност). Доколку на УПС му е дозволено да прима чекови, чекот може да го наплати во евра или во локалната валута на земјата на дестинација.

8.3 Исплата на наплатени COD износи - Доколку УПС наплати готовина, УПС на испраќачот ќе му плати еднаков износ во локалната валута на земјата каде пратката била предадена на УПС за превоз. УПС може да направи такви исплати на COD износи преку пренос на банкарска сметка посочена на УПС од страна на испраќачот или со издавање чек во корист на испраќачот.
Сите чекови во корист на испраќачот, издадени од УПС како што е наведено горе или од примателот и наплатени од страна на УПС во согласност со став 8.2, можат да се пренасочат до испраќачот по редовна пошта на ризик на испраќачот или да му се предадат на испраќачот или на некое друго лице кое има овластување да го прифати чекот во име на испраќачот.

8.4 Во случај испраќачот да не го прими COD износот, испраќачот мора писмено да го извести УПС во рок од 45 дена од датумот на достава на засегнатата пратка.

8.5 Испраќачот ќе го обесштети УПС за сите загуби, трошоци и какви било побарувања против УПС направени од примателот или трето лице, произлегувајќи од тоа што УПС не ја доставил пратката поради тоа што примателот не го платил COD износот во соодветна форма или одбива да ја прими пратката.

8.6 Одговорноста на УПС во однос на износот кој треба да се наплати нема да го надмине максималниот применлив износ што треба да се наплати според овие услови или COD износот посочен на Товарниот лист, кој било е помал. Понатаму, COD износот во никој случај нема да ја надмине вредноста на добрата во нивната дестинација, плус применливите трошоци за превоз. Со цел да се избегне сомнеж, COD износот не претставува декларација на вредноста за намената од став 9.4 и нема да влијае врз одговорноста на УПС за загуба, штета или доцнење на самите добра.
УПС не прифаќа одговорност за нечесни и измамнички дела во име на примателот вклучувајќи, но не ограничувајќи се на давање лажен чек или чек кое подоцна е повлечен или за чекови неточно пополнети од страна на примателот.

9. Одговорност
9.1 Каде Варшавската или CMR Конвенцијата или друг национален закон, со кој се спроведуваат или усвојуваат овие конвенции, се применуваат (заради олеснување се наведуваат како Правила од конвенции) или каде (и до степен кога) се применува друг задолжителен национален закон, одговорноста на УПС се води според и ќе биде ограничена според важечките закони.

9.2 Каде не се применуваат Правилата од конвенциите или други задолжителни национални закони, УПС ќе биде одговорен само доколку не делува со разумна грижа и вештина и неговата одговорност ќе биде опфатена само со овие услови и (освен во случај на лична повреда или смрт) ограничена до докажаната штета во износ од 100 американски долари по пратка во вредност на локалната валута, освен ако испраќачот не назначил поголема вредност според став 9.4 долу.

9.3 Доколку побарувачот (или лицето од кое тој се повикува на право да направи побарување) ја предизвикал или придонел до загубата, штетата или доцнењето на пакетот или палетата, секоја одговорност што УПС ќе ја добие во однос на тоа (ограничена според горенаведеното) може да се намали или укине во согласност со важечкиот закон за таква заедничка небрежност.

9.4 Испраќачот, кој подлежи на одредбите од став 9.5, може да добие поголемо ограничување на одговорноста од тоа што УПС го обезбедува со став 9.2 погоре или од тоа што може да биде доделено со Правилата од конвенциите или друг задолжителен национален закон.
Испраќачот ова може да го направи со тоа што во Товарниот лист ќе назначи поголема вредност и ќе плати дополнителен трошок, како што е наведено во Водичот. Доколку испраќачот пријави повисока вредност за превоз и ги плати дополнителните трошоци, тогаш одговорноста на УПС ќе биде ограничена до докажената штета и нема да го надминува декларираниот износ. Вредноста на засегнатите добра во никој случај нема да ги надмине ограничувањата наведени во став 3.1(ii).

9.5 Освен каде Правилата од конвенциите или други задолжителни национални закони не пропишуваат поинаку, УПС не прифаќа одговорност за чисто економски загуби, како што се трошоците за алтернативни средства за превоз, загуба на профит, загуба на деловни можности или загуба на приход која резултира од загуба од користење, а произлегуваат од секоја загуба или оштетување или доцнење на пратката (или дел од неа), независно дали е декларирана вредност во однос на релевантната пратка според став 9.4.
УПС не е одговорен за кое било оштетување или загуба на пакети или палети.

10. Достава
УПС може да достави пратка до примателот именуван на Товарниот лист или до некое друго лице што има овластување да ја прифати доставата на пратката во име на примателот (како што се лица од истите простории на примателот или соседи на примателот). Примателот ќе биде информиран за сите алтернативни договори за достава со порака оставена во неговите простории. УПС може да користи електронска направа за да добие доказ за достава и испраќачот се согласува дека нема да приговара УПС да се потпира на печатена копија на ова, како доказ дека засегнатите информации се добиени и зачувани во електронска форма.
Освен доколку Правилата од конвенцијата или други задолжителни национални закони пропишуваат поинаку, УПС не прифаќа одговорност во никакви околности да го суспендира превозот, да ја пренасочи доставата (независно до друг примател или адреса поинаква од именуваната во Товарниот лист) или да ја врати пратката до испраќачот и во случај да се обиде да го направи тоа, но не успее, нема да биде одговорен за настанатите загуби.

11. Заштита на податоци
Испраќачот се согласува дека УПС и други компании во групацијата на УПС низ светот, вклучувајќи ги компаниите во земја кои немаат исто ниво на заштита на податоци како земјата каде пратката е доделена на УПС за превоз, можат да ги користат податоците дадени од испраќачот на УПС за целите поставени во овој документ и кои подлежат на Изјавата за доверливост на УПС, објавена на интернет-страницата на УПС, http://www.ups.com/content/gb/en/resources/ship/terms/privacy.html.

12. Постапка за побарувања – Пропис
Сите побарувања против УПС мора да се достават во писмена форма веднаш штом можат да се применат и во рок од 14 дена од приемот во случај на оштета (вклучувајќи делумна загуба на пратката), во случај на доцнење во рок од 21 ден од денот кога добрата се предадени на лицето одговорно за превоз и во случај на загуба во рок од 60 дена од денот кога добрата се предадени на УПС за превоз. Дополнително, сите побарувања против УПС во врска со некоја пратка ќе бидат пропишани и означени со бар код до истекот на време, освен ако не е покрената правна постапка и до УПС не е доставено писмено известување за нив во рок од осум месеци по достава на засегнатите добра или во случај да не се доставени, во период од осум месеци од закажаниот датум на достава. Овој услов нема да влијае врз правата што испраќачот ги ужива според Правилата од конвенциите или други задолжителни национални закони.

13. Целиот договор и обезбедување на одредби од договор
Целта на УПС е сите услови од договорот меѓу него и испраќачот да се содржани во овој документ и Водичот. Доколку испраќачот сака да се повика на некоја варијанта на овие услови, мора да потврди дека таа е заведена во писмена форма и потпишана од испраќачот и УПС пред пратката да биде прифатена за превоз од страна на УПС. Доколку некој дел од овие услови не може да се спроведе, тоа нема да влијае врз спроведувањето на останатите услови.

14. Важечки закон
Овие услови се водат од законите на земјата каде пратката е доделена на УПС за превоз.

Ревидирано на 01/13

Информации и резервирање на

Тел.: ++ 389 (0)2 3132222
++ 389 (0)2 3117664
Факс: ++ 389 (0)2 2556000

Е-пошта: info@intime.mk
или посетете ги нашите веб страници

www.ups.com
www.intime.mk



ИН ТИМЕ МК ДОО
Авторизиран давател на услуги на УПС

ул. „36“ бр. 2
1041 Илинден
Македонија